**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 12 став 4 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 113/07), гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка
## (Службен весник на Република Македонија бр. 5/08)

1.Во точка 6, алинеја 3 од Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка О.бр.7796 од 07.12.2007 година, објавена во ("Сл. весник на Република Македонија" број 150/07) зборовите " заверено кај овластено лице ( нотар)" се бришат.

2. Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

О.бр.236
10.01.2008 година
Скопје

м-р Петар Гошев, с.р.
гувернер

## О б р а з л о ж е н и е

Предлогот за измена на одлуката за начинот и постапката за отварање и затворање на трансакциска сметка произлегува од барањето на комерцијалните банки. Имено, заверката на писменото овластување на нотар, на учесниците во платниот промет им создава дополнителни финансиски трошоци. Имајќи ја во предвид досегашната регулатива во која не беше предвидена заверка на писменото овластување на нотар, предлагаме измена на Одлуката како што е наведено во диспозитивот на оваа Одлука.